ПРИЕМ НА ПОЛСКИОТ ЈАЗИК И КУЛТУРА КАЈ МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ

Милица МИРКУЛОВСКА

1. Во наредната учебна година 2009/2010 полнистиката при Катедрата за славистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија, го слави јубилејот – 50 години од своето постоење. Во далечната 1959/1960 започнува со работа лекторатот по полски јазик со доаѓањето на проф. Влоѓимјеж Пјанка од Варшавскиот универзитет. Во уч. 1983/1984 година, со доаѓањето на проф. Зузана Тополињска како визитинг професор полонистиката го подигнува нивото од лектorат до ниво на студирана втора главна насока. Подоцна, со соодветен развој на кадрите, во уч. 1995/1996 полонистиката започнува да се изучува како главна студирана насока. Низ овој пет дечениски развиток се одржувала концепцијата за студирање на полонистика поткрепена со изучување на научен пристап кон поодделните дисциплини, а особено при изучувањето на лингвистичката полонистика. Значи, според концепцијата на проф. З. Тополињска, една од авторите и редактор на *Синтаксата* на *Полската академска граматика*, преку изучувањето на структурата на полскиот јазик се настојува студентот да усвои и соодветна граматичка теорија. Оваа концепција, што е разработена и во програмите на студирањето на предметите од граматика на полскиот јазик се развива и денес. Нашите студенти – полонисти во курсевите од т.н. предмети од граматика на полскиот јазик имаат курсеви по фонологија и морфонологија на полскиот јазик (по еден семестар), морфосинтакса на полскиот јазик (во тек на три семестри) и зборообразување на полскиот јазик (во тек на еден семестар) и историска граматика и дијалектологија на полскиот јазик (два семестри) и по избор просеминариум по лингвистичка полонистика, од каде што произлегува напишаната дипломска работа (која според полската номенклатура е блиска до називот и содржината на praca magisterska) што се брани пред комисија од три члена. Освен т.н. граматички предмети, како задолжителни во текот на целото четиригодишно студирање тие следат и задолжителни курсеви од полска литература, според прифатената периодизација од најстариот период до денеска; потоа лекторат по современ полски јазик, кој е во координација со т.н. граматички

BDD-A24227 © 2009 Editura Universităţii din Bucureşti
Provided by Diacronia.ro for IP 216.73.217.142 (2026-11-14 08:57:51 UTC)

предмети, а е насочен пред сè кон оспособување за комуникација во различни сфери на употреба на полскиот јазик; исто така, постои и т.н. двосеместрален курс по полска цивилизација. Нашите студенти – полонисти редовно посетуваат летни школи по полски јазик, литература и култура во Полска во рамките на меѓууниверзитетските договори за размена со Варшавскиот универзитет (2 студента) и со Шљонскиот универзитет (3 студента). Исто така, на наша молба добиваме и дополнителни места од Бирото за универзитетска размена на Полска и преку Амбасадата на Полска во Македонија од Министерството за образование. Па така во последниве години, бидејќи споменатите институции одговараат на нашите молби бројот на студенти – полонисти кои имаат прилика да заминат на летен курс во Полска е подигнат од гарантираните 5 места на 10 до 13 места годишно со времетраење од по три недели. За тековнава учебна година 2008/2009 во план е семсетрална размена на по двајца студенти со Институтот за славистика при Универзитетот „Адам Мицкјевич“ во Познањ во рамките на Анексот кон Меѓууниверзитетскиот договор. Со преминувањето на нашиот факултет во уч. 2005/2006 кон Болоњскиот систем на студирање, ЕКТС системот, прифатен е моделот 4+1. Преминувањето во овој систем ги дава своите добри и лоши резултати, со други зборови ги преживува своите детски болести. Позитивната страна се согледува во фактот дека со „ловењето“ на кредити е зголемена мобилноста на студентите во пристапувањето кон зададените задачи.

Оваа година активирана е и интернет страницата на нашата насока www.polonistika.com.mk која е официјално прифатена и инкорпорирана во интернет страницата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и овозможен е влезот и преку www.flf.ukim.edu.mk/polski во која се содржани меѓу останатите информации и информациите за историјатот на полонистиката, Полонистичката преведувачка лабораторија при ФлФБК, можностите за студирање каде се содржани сите предвидени планови на студирање и меѓу нив оној дел, којшто за нас во моментов е најинтересен, делот семонарски и дипломски каде се сместени сите семинарски и дипломски работи од областа на т.н. граматички предмети и од новововедениот предмет со назив полска цивилизација.

*
* *

Полската култура за македонските студенти е многу далечна. Македонија е мала земја во транзиција на Балканот со, низ историјата а и денеска, сложени прилики, како внатрешни така и надворешни. Па поради ваквата ситуација македонските граѓани немаат големи можности да патуваат надвор од Македонија, што исто така, за жал се однесува и за студентите. Виртуелните

BDD-A24227 © 2009 Editura Universităţii din Bucureşti
Provided by Diacronia.ro for IP 216.73.217.142 (2026-11-14 08:57:51 UTC)

патувања можат да ги изведуваат преку интернет. Значи, низ својот живот тие немале прилика директно, во соодветната средина да се запознаат како изгледаат приликите во една земја која има централна и северна поставеност во Европа, како од географска така и од културолошка гледна точка. Многу е мал, дури и занемарлив бројот на запишани студенти кои имаат полско потекло. Значи, првата средба со полската култура и јазик за поголемиот број на македонските – полонисти се случува со започнувањето на студиите и со евентуалното присуство на летните курсеви во Полска.

Покрај лекторатот по полски јазик што го води лектор од Полска и преку предметот со назив полска цивилизација во тек на два семетстри (што сепак не е доволно) се обидуваме македонскиот студент да добие извесна претстава за историјата на Полска и развојот на културата (религија, уметност, обичаи и тн.) на Полска, како и денешните прилики на полското општество, како дел од ЕУ. Курсот е замислен како интерактивен. Обработуваните содржини се хронолошки подредени од периодот на создавањето на полската држава значи, историски осврт и културолошки осврт (што во дадениот период на полска почва се случува на ниво на религија, уметност, стопанство и сл.). Едновремено студентите се задолжени, во рамките на своите можности да ги освежат знаењата за случувањата во дадениот период на почвата на Македонија и да се продискутираат разликите и сличностите. Оттука произлегуваат многу интересни дискусии. Секој студент е задолжен во третиот и во четвртиот семестар да изработи по една семинарска работа според понудени теми и истатите да ги презентира во пауер поинт (power point). Бидејќи тоа се студенти од втора година презентацијата и напишаните теми се на македонски јазик. На студентот му се препорачуваат соодветни страници на интернет и му се дава слобода за самостојно истражување. Од изработените наслови[1] можеме да забележиме дека интересите на студентите се различни, од најстариот до најновиот период на полската историја. Една од овие теми, што претставуваше групна работа, под наше менторство беше изработена и во полска верзија и во уч. 2007/2008 беше испратена на Конкурсот за најдобар есеј што го организира Полоникум при Варшавскиот универзитет. Значи, на овој курс студентот се стекнува и со вештини за критичко пребарување на интернет според зададена тема (бидејќи на интернет многу често се среќаваат ставови кои меѓусебно се надоплонуваат, но и се спротивни едни на други). Студентот е

[1] Анџелика Џингас: Полска во преиодот на преродбата; Драган Миташов, Ивана Арсовска: Тестаментот на Болеслав Кривоустиот; Елена Јордановска: Унијата на Полска и Литванија; Христина Тасевска: Културата во Полска во периодот на преродбата; Верица Каранфиловска и Ивана Јосева: Почетоците на полската државност; Ивана Манасијова: Војните на Полска со Турција; Никола Ценев: Полска во Втората светска војна; Оливера Спасевска: Јануарското востание; Соња Станкова: Ноемвриското востание; Марио Исмановски, Наташа Несторовска, Слободан Крстевски, Даниел Петковски, Бисера Стоиљковиќ, Елдин Цаколи: 'Solidarność' i "Solidarność".

BDD-A24227 © 2009 Editura Universităţii din Bucureşti
Provided by Diacronia.ro for IP 216.73.217.142 (2026-11-14 08:57:51 UTC)

ставен во положба да ги користи своите сепак скромни знаења на полскиот јазик (бидејќи ова е курс во трет и четврт семестар), па често тука помагаат и англискиот и српскиот или хрватскиот. Исто така тука е и вештината на совладување на програмската апликација пауер поинт (power point) од техничка гледна точка, како и начинот на вршење на презентација пред аудиториум. Друг тип на задолжение, кое се работи во групи од двајца или тројца студенти, во рамките на овој курс е проследување на одделен полски филм (без превод на македонски јазик) кој се однесува на дадена историска случка од постарата или од поновата историја, како и од современиот период во Полска. Презентацијата, исто така во пауер поинт (power point), се состои во претставување на: резиме на содржината на филмот со извлекување и показ на клучни сцени, осврт кон историскиот контекст и секако, претставување на режисерот и главните актери со осврт на нивната улога во развојот на полската кинематографија и театарска уметност во соодветен контекст. На крајот, студентите имаат уште една задача од понудени статии од полски неделници во кои се изнесуваат приликите и проблемите во денешното полско општество треба да направат презентација на фактите и да ги споредат со евентуално сличните прилики во македонското општество. Презентацијата треба да побуди дискусија од останатите присутни студенти. Понудуваните теми се од областа на образованието, науката, уметноста, ев. спортот, меѓународни односи и тн.. Значи на овој начин се настојува студентот – полонист да ја развие свеста во колкава мера се разликува полската „стварност“ од онаа во Македонија.

На крајот би резимирала дека преку ваквиот мултимедјален пристап се постигнуваат многу задоволителни резултати. Со оглед на тоа дека се работи за генерации студенти кои се навикнати така да функционираат ваквиот пристап не претставува ниту пречка, ниту оптеретување. Бидејќи тоа се нови т.н. генерации на транзицијата, до кои понекогаш е тешко да се допре, на овој начин кај нив се побудува интересот да бараат повеќе и да настојуваат да ги сфатат културните разлики кои ја делеле и ја делат Европа на север – југ и запад – исток.

BDD-A24227 © 2009 Editura Universităţii din Bucureşti
Provided by Diacronia.ro for IP 216.73.217.142 (2026-11-14 08:57:51 UTC)